Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ “ДХ 1” и ФЕЦ “ДХ 2” издадена на Друштвото за производство на електрична енергија ФЕЦ ДХ ДООЕЛ Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 240/23).

2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите “9 јули 2024 година” се заменуваат со зборовите “9 март 2025 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија ФЕЦ ДХ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Ристо Шишков бр.38-1/1 Скопје-Центар на 8 јули 2024 година до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги со управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-393/24 од 8 јули година.

Регулаторната комисија за енергетика има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ДХ 1” и ФЕЦ “ДХ 2” УП1 бр. 12-64/23 од 6 март 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/23) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ДХ 1” и ФЕЦ “ДХ 2”, УП1 бр.12-771/23 од 9 ноември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.240/23).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Продолжувањето на лиценцата за пробна работа е побарано за период од 9 месеци а како причина е наведено „поради административни причини сеуште не се завршени сите административни постапки кои се потребни за добивање на актите и документите кои се потребни за издавање на конечна лиценца за производство на електрична енергија “.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1280/1 од 08 јули 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 8 јули 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ "ДХ 1" и ФЕЦ "ДХ 2" на Друштвото за производство на електрична енергија ФЕЦ ДХ ДООЕЛ Скопје

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-393/24**
**8 јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**